Врз основа на член 94, став 1, алинеја 21 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 25. седница одржана на 30.10.2018 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Овој Правилник непосредно ќе се применува на факултетите и научните институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Составен дел на овој Правилник се Анексот 1, Образецот 1 и Образецот 2.

**Член 2**

Високообразовната, научноистражувачка, применувачка, односно уметничката дејност на факултетите и научните институти во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области ја остваруваат лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање за времето за кое е избрано.

По исклучок, високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

По исклучок, практичната настава на студиските програми од интегриран прв и втор циклус студии може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

На факултетите можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии и на интегрираните студии од прв и втор циклус студии.

**Член 3**

На факултетите, лицата се избираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На факултетите можат да се избираат и лица во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

На научните институти, лицата кои вршат високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус се избираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На научните институти, лицата кои вршат научноистражувачка дејност се избираат во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

**Член 4**

Изборот на доцент, вонреден професор, редовен професор, научен соработник, виш научен соработник, научен советник, како и изборот во наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Изборот на редовен професор и научен советник извршен од наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот го потврдува Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 5**

На факултетите можат да се избираат лица и во звањата насловен доцент

и насловен вонреден професор, според услови и во постапка утврдени со овој Правилник.

**Член 6**

На факултетите од областа на филолошките науки, односно на факултетите и научните институтите на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

**Член 7**

На факултетите, соработничко звање е асистент.

На факултетите можат да се избираат и лица во соработничко звање – асистент истражувач.

Соработниците на научните институти се избираат во звањето асистент истражувач.

На научните институти можат да се избираат и лица во соработничко звање – асистент.

Соработниците учествуваат во наставно-образовниот процес на начин и во обем определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА И ДЕМОНСТРАТОРИ**

**Член 8**

Изборот во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања се врши според критериуми и услови утврдени со закон, овој Правилник и Анексот 1.

Анексот 1 и обрасците 1 и 2 од член 1, став 3 од овој Правилник се применуваат, односно се пополнуваат за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања.

Рецензентската комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

За избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања, покрај вреднувањата од почетокот на кариерата, лицата треба да го исполнуваат и минималниот број поени од последниот избор како што е утврдено со овој Правилник.

***Посебни услови за избор во звања***

**Член 9**

Посебни услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања се:

- резултати од научноистражувачка работа;
- резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок;
- стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност.

**Член 10**

Резултатите на лицата кои конкурираат за избор во наставно-научни и наставно-стручни, како и во соработнички звања се вреднуваат во следниве четири области:

- наставно-образовна дејност (НО);
- научноистражувачка дејност(НИ);
- стручно-уметничка дејност (СУ);
- стручно-применувачка (СП).

За секоја од овие области се добива соодветен број поени, утврдени во Анексот 1 на овој Правилник.

***Посебни услови за избор во наставно-научни звања***

**Член 11**

Во наставно-научните звања **доцент, вонреден професор и редовен професор** може да биде избрано лице кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови од Анексот 1 на овој Правилник и табелата 1 (пренесени во Образецот 2).

Минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањата **доцент, вонреден професор и редовен професор** се прикажани во табелата 1.

*Табела 1*

**Минимален број поени за избор во наставно-научно звање од наставно-научна област**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ **** | СП | |
| **Доцент*** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Вонреден професор**** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Редовен професор***** | 20 | 20 | 5 | 80 |

---

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето вонреден професор.
****За Архитектонскиот факултет, Факултетот за драмски уметности, Факултетот за музичка уметност и Факултетот за ликовни уметности, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.

*Табела 1а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во наставно-научно звање од наставно-научна област за лица од друг универзитет**[1]

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ* | СП | |
| **Доцент** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Вонреден професор** | 40 | 40 | 10 | 160 |
| **Редовен професор** | 60 | 60 | 15 | 240 |

---

* За Архитектонскиот факултет, Факултетот за драмски уметности, Факултетот за музичка уметност и Факултетот за ликовни уметности, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.

---

[1] Посебните услови од табелите 1а, 2а и 3а се применуваат во случаи кога на конкурси за избор се пријавуваат кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научни, односно научни звања на други универзитети, односно високообразовни установи надвор од рамките на УКИМ.

***Посебни услови за избор во соработнички звања***

**Член 12**

За **асистент** може да биде избрано лице кое кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови за избор, односно има објавено најмалку 1 (еден) труд во стручно списание како автор или коавтор или има учество на проект.

При изборот на лице за асистент не се пополнува Образецот 2.

***Посебни услови за избор во научни звања***

**Член 13**

За **научен соработник, виш научен соработник и научен советник** може да биде избрано лице кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование кои важат за доцент, вонреден професор и редовен професор (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови од Анексот 1 на овој Правилник и табелата 2 (пренесени во Образец 2).

Минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањата **научен соработник, виш научен соработник и научен советник** се прикажани во табелата 2.

*Табела 2*

**Минимален број поени за избор во научно звање**

| **Звање** | **Минимален број поени** | | **Минимален број поени по сите основи** |
|---|---|---|---|
| | **НИ** | **СП** | |
| **Научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Виш научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Научен советник** | 35 | 5 | 80 |

*Табела 2а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во научно звање од друг универзитет**

| **Звање** | **Минимален број поени** | | **Минимален број поени по сите основи** |
|---|---|---|---|
| | **НИ** | **СП** | |
| **Научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Виш научен соработник** | 70 | 10 | 160 |
| **Научен советник** | 105 | 15 | 240 |

**Член 14**

Лицата во научни звања се избираат за времето утврдено со Законот за високото образование што важи за наставно-научните звања.

Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или во повисоко наставно-научно звање доколку ги исполнува посебните услови за избор во наставно-научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во наставно-научно звање.

***Посебни услови за избор во соработничко звање – асистент истражувач***

**Член 15**

За **асистент истражувач** може да биде избрано лице кое кое, покрај општите услови

предвидени во Законот за високото образование кои важат за асистент (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови за избор, односно има објавено најмалку 1 (еден) труд во стручно списание како автор или коавтор или има учество на проект.

При изборот на лице за асистент истражувач не се пополнува Образецот 2.

Лицето во соработничко звање – асистент истражувач се избира за времето утврдено со Законот за високото образование што важи за соработничкото звање асистент.

***Посебни услови за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област***

**Член 16**

За наставник по стручно-уметничките предмети, освен за теоретските предмети, може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, во звањата **доцент**, **вонреден професор** и **редовен професор** кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови од Анексот 2 на овој Правилник и табелата 3 (пренесени во Образец 2).

Минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањата **доцент**, **вонреден професор** и **редовен професор** се прикажани во табелата 3.

*Табела 3*

**Минимален број поени за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област**

| **Звање** | **Минимален број поени** | | | **Минимален број поени по сите основи** |
|---|---|---|---|---|
| | **НО** | **ССУ** | **СП** | |
| **Доцент*** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор**** | 20 | 15 | 0 | 60 |
| **Редовен професор***** | 20 | 15 | 0 | 60 |

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.

** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент.

*** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето вонреден професор.

*Табела 3а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област од друг универзитет**

| **Звање** | **Минимален број поени** | | | **Минимален број поени по сите основи** |
|---|---|---|---|---|
| | **НО** | **СУ** | **СП** | |
| **Доцент** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор** | 20 | 30 | 0 | 100 |
| **Редовен професор** | 20 | 45 | 0 | 160 |

***Посебни услови за избор во наставно-стручни звања***

**Член 17**

За **лектор** и **виш лектор** може да биде избрано лице кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови од Анексот 1 на овој Правилник и табелата 4 (пренесени во Образец 2).

Минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избраново звањата **лектор и виш лектор** се прикажани во табелата 4.

***Табела 4***

**Минимален број поени за избор во лекторско звање**

| **Звање** | **Минимален број поени** | | | **Минимален поени по основи** | **број сите** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **НО** | **НИ** | **СП** | | |
| **Лектор** | 20 | 10 | 0 | 70 | |
| **Виш лектор** | 20 | 20 | 5 | 80 | |

***Посебни услови за избор во насловни звања***

**Член 18**

На единиците на Универзитетот, во звањата насловен доцент и насловен вонреден професор може да се изберат афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање според условите и постапката утврдени со Законот за високото образование и овој Правилник.

Видот и обемот на учеството на лицето избрано во насловно звање во вршењето на високообразовната дејност ги утврдува наставно-научниот совет на начин и во обем определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

**Член 19**

Изборот во насловни звања се врши според посебните услови и постапката за избор во звањата доцент и вонреден професор.

***Посебни услови за избор на демонстратори***

**Член 20**

За демонстратор може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови според Законот за високото образование и е студент на втор или трет циклус студии од соодветната студиска програма или студент на студиските програми од интегриран прв и втор циклус студии кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски. Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

***Постапност во изборот***

**Член 21**

Изборот на лицата во наставно-научни и научни звања се врши постапно.

Лицето од став 1 не може истовремено да биде избрано во повеќе од едно наставно-научно, односно научно звање.

**Член 22**

При еднакви услови утврдени со овој Правилник, предност при изборот во соработничко звање може да има лице кое добило пофалница или награда за најдобро дипломиран студент од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје или е добитник

на други награди установени на Универзитетот.

**Член 23**

За лицата кои имаат заснован работен однос како доцент, вонреден професор, асистент, асистент докторанд или помлад асистент односно научен соработник или виш научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), при нивен избор во исто или повисоко наставно-научно звање, односно научно звање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просечниот успех, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус.

За лицата избрани во научно звање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), при нивен избор во наставно-научно звање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ќе се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просечниот успех, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус.

**Член 24**

За избор во звањата доцент, научен соработник, асистент и асистент истражувач, согласно со општите услови за избор од Законот за високото образование, лицата треба да имаат познавање на најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или со соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори
.

## РИЗНИЦА НА ТРУДОВИ

**Член 25**

Лицата избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања вработени на Универзитетот имаат обврска сите трудови да ги евидентираат во Ризницата на научни и уметнички трудови на Универзитетот.

Доколку трудовите не се внесат во Ризницата, тие нема да се вреднуваат при изборот во соодветното звање.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

***Конкурс за избор***

**Член 26**

Одлука за распишување јавен конкурс за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање, во случаи кога изборот се врши прв пат, донесува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Одлука за распишување конкурс за лица избрани во звања донесува деканот на факултетот, односно директорот најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во звање.

Времето за распишување конкурс од став 2 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

Врз основа на одлука од наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, конкурс се распишува и пред истекот на времето за кое лицето е избрано во соработничко звање, доколку се исполнети формалните услови и

постои непополнето место за избор во наставно-научно, односно научно звање.

Конкурсот се распишува за избор во сите наставно-научни, научни и наставно-стручни звања.

При изборот во соработничко звање се назначува соработничкото звање за кое се врши изборот.

Врз основа на одлуките од ставовите 1, 2 и 4 на овој член, факултетот, односно научниот институт објавува јавен конкурс во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Член 27**

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.

**Член 28**

Конкурсот за избор во звање треба да ја содржи соодветната наставно-научна област за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (меѓународната Фраскатиева класификација), видот на работниот однос, рокот на траењето, општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови определени со Законот за високото образование, Законот за работните односи и овој Правилник.

При поднесување на документацијата од став 1 на овој член кандидатите приложуваат изјава за исполнетост на општите и посебните услови за избор.

**Член 29**

Постапката по конкурсот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на факултетот и научниот институт трае најмногу 6 месеци сметано од денот на објавувањето на јавниот конкурс во дневниот печат.

Рокот од став 1 на овој член започнува да тече наредниот ден од денот на објавувањето на конкурсот.

Доколку постапката не заврши во рок од став 1 на овој член, постапката се запира и се распишува нов конкурс. Одлука за запирање на постапката носи деканот на факултетот, односно директорот.

Рокот од став 1 на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

***Рецензентска комисија***

**Член 30**

Рецензентската комисија се формира од страна на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, во рок не подолг од 30 дена од денот на завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Рецензентската комисија се состои најмалку од три члена. Членовите на рецензентската комисија можат да бидат од факултетот, односно научниот институт во кој се врши изборот, од други факултети, односно научни институти на Универзитетот и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјата.

За учество во рецензентска комисија е потребна претходна писмена согласност од кандидатите за членови на комисијата. Единицата ја утврдува постапката за обезбедување/добивање писмена согласност од членовите.

Член на рецензентската комисија, под истите услови определени со закон за членови на рецензентска комисија, може да биде и наставник од високообразовна установа од странство со која Универзитетот или неговата единица има склучено спогодба или договор за меѓусебна соработка.

Членовите на рецензентската комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето во кое се избира кандидатот.

Членови на рецензентската комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научното звање редовен професор, односно научен советник, согласно со овој Правилник.

**Член 31**

Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни и наставно-стручни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да

бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Соодветноста и сродноста од став 1 на овој член се утврдуваат од наставно-научниот совет.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно се применуваат и за составот на рецензентската комисија за избор во научни, односно соработнички звања, така што за член на рецензентската комисија за избор во научно, односно соработничко звање, покрај лице избрано во наставно-научно звање, може да биде и лице избрано во научно звање.

**Член 32**

Деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, во рок не подолг од 8 дена од денот на донесување на одлуката за формирање на рецензентската комисија ги известува членовите на рецензентската комисија и им ја доставува целокупната документација.

**Член 33**

Рецензентската комисија на факултетот, односно научниот институт, поднесува реферат во писмена форма за сите пријавени кандидати.

Покрај елементите од членот 36 од овој Правилник, рефератот содржи:

- предлог за избор на кандидатот/ите за избор во звање; или
- предлог да не се избере ниеден од пријавените кандидати.

Предлогот се донесува со мнозинство гласови од членовите на комисијата.

**Член 34**

Рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од 3 месеци од денот на доставувањето на документацијата од член 32 на овој Правилник.

Доколку рецензентската комисија не поднесе реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, се формира рецензентска комисија со променет состав.

Доколку член на рецензентската комисија не потпише реферат или не даде издвоено мислење, не може да биде избран за член на рецензентска комисија во наредните 5 години.

Предлог за формирање на комисијата од став 2 на овој член поднесува внатрешната организациона единица на факултетот/институтот, а ја избира наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

**Член 35**

Рецензентската комисија го донесува предлогот од член 33, став 2, алинеи 1 и 2 со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член на рецензентската комисија може да има издвоено мислење.

Рефератот мора да биде потпишан од сите членови на комисијата, односно од мнозинството членови на рецензентската комисија.

Доколку член на рецензентската комисија има издвоено мислење, тоа се потпишува од членот на комисијата, се приложува кон рефератот, и заедно со рефератот се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Доколку рефератот, односно издвоеното мислење не се потпишани согласно со ставовите 3 и 4 од овој член, рефератот не се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 36**

Рефератот на рецензентската комисија содржи:

- биографски податоци на кандидатот;
- оценка за остварувањето на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветното звање;
- научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање;
- податоци за објавените научни и стручни трудови и оцена на тие трудови;
- други услови;
- податок кога лицето последен пат било избрано и во кое звање;
- предлог од членот 33 од овој Правилник.

Рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски јазик.

Доколку член на рецензентската комисија е од странски универзитет, рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски и на англиски јазик. Доколку членот на рецензентската комисија од странски универзитет го познава македонскиот јазик, извештајот се пишува на македонски јазик и тоа се констатира во извештајот.

**Член 37**

Факултетот, односно научниот институт, е должен, во рок од 3 работни дена од заверувањето во архивата, да го достави рефератот на рецензентската комисија до Универзитетот за јазична корекција (лектура). По доставувањето на јазично корегиран реферат од страна на Универзитетот до единицата, рецензентската комисија е должна во рок од 3 работни дена да ги изврши корекциите и да го достави рефератот потпишан од претседателот или од член на комисијата на секоја негова страна до архивата на единицата, а единицата во рок од 3 работни дена јазично корегираниот реферат го доставува до Универзитетот заради објавување во Билтенот на Универзитетот и на веб-страницата на Универзитетот.

Објавувањето се врши најмалку 15 дена пред денот на изборот.

**Член 38**

Во рок од 8 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот, лица - учесници во постапката, наставно-научни и научни работници, наставници и соработници од факултетот, научниот институт и од соодветна наставно-научна област на други високообразовни установи можат да поднесат приговор на објавениот реферат за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање.

**Член 39**

Рецензентската комисија дава одговор на приговорот во рок од 8 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Одговорот на приговорот од став 1 на овој член рецензентската комисија го дава со мнозинство членови од рецензентската комисија.

Во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот се објавува и одговорот на приговорот од членови на рецензентската комисија кои не претставуваат мнозинство членови од рецензентската комисија.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот и се доставуваат до наставно-научниот совет, односно научниот совет, 7 дена пред одлучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

Ако рецензентската комисија не даде одговор на приговорот, постапката продолжува понатаму.

**Член 40**

Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или, пак, се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува деканот, односно директорот.

***Одлучување за избор***

**Член 41**

Изборот во звањето редовен професор/научен советник го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, врз основа на предлогот во рефератот на избраната рецензентска комисија.

Изборот на редовен професор/научен советник, извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, го потврдува Сенатот.

Сенатот нема право да не го потврди изборот на редовен професор/научен советник ако тој ги исполнува условите утврдени со закон и со овој Правилник, и ако не е повредена постапката за избор.

**Член 42**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, врз основа на

предлогот во референтот на рецензентската комисија.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите.

Изборот во соодветното звање започнува со денот на донесување на одлуката за избор на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

При изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите, членови на наставно-научниот совет.

**Член 43**

Ако при изборот, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

Лице избрано во звање може да биде предложено за избор во истото звање неограничен број пати.

На лицето од став 1 на овој член кое не е избрано во повисоко звање, односно не е избрано во истото звање, му престанува работниот однос.

Лицето кое не е предложено или не се пријавило на конкурсот, му престанува работниот однос со истекот на рокот за кој е извршен изборот.

**Член 44**

Наставно-научниот совет, односно научниот совет одлучува за изборот по предлогот на рецензентската комисија.

Ако рецензентската комисија нема предлог за избор во звање или ако наставно-научиот совет, односно научниот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

**ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ**

**Член 45**

Лицето од член 43, став 3 од овој Правилник кое не е избрано има право на приговор до наставно-научниот совет на факултетот, односно до научниот совет на институтот, во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет.

Наставно-научниот, односно научниот совет, на првата наредна седница по доставувањето на приговорот, формира комисија од три члена од соодветната област за која е распишан конкурсот, за давање одговор по наводите во приговорот.

Комисијата од став 2 на овој член, во рок од 15 дена, доставува извештај до наставно -научниот, односно научниот совет, по наводите во приговорот.

Наставно-научниот, односно научниот совет, на првата наредна седница по поднесувањето на извештајот на комисијата, одлучува во согласност со овој Правилник.

**Член 46**

Наставно-научниот, односно научниот совет, приговорот на лицето од член 45 го разгледува заедно со извештајот на комисијата по приговорот.

При одлучувањето по приговорот, наставно-научниот, односно научниот совет може да донесе одлука со која ќе го усвои приговорот како основан и повторно ќе одлучува за избор во звање, или, пак, може да го одбие како неоснован.

**Член 47**

Доколку наставно-научниот, односно научниот совет, го одбие приговорот, лицето има право на жалба до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во рок од 8 дена по приемот на одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет.

**Член 48**

Сенатот, на првата наредна седница, но не порано од 15 дена од поднесувањето на жалбата на лицата од претходните членови, формира комисија од три члена од редовни професори од иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друг факултет, односно научен институт.

Комисијата, во рок од 30 дена, поднесува извештај до Сенатот со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во звањето во кое претходно било избрано, да предложи избор во повисоко звање или да предложи да се прифати одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет.

Сенатот може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови избрани во наставно-научни и научни звања, а одлучува по предлогот на комисијата со мнозинство од присутните членови избрани во наставно-научни и научни звања.

Ако лицето кое не е избрано во повисоко или во истото звање, не поднесе приговор до наставно-научниот совет на факултетот, односно до научниот совет на институтот, работниот однос му престанува со истекот на рокот за кој е извршен изборот.

Ако лицето кое не е избрано во повисоко или во истото звање, поднесе приговор до наставно-научниот совет на факултетот/научниот совет на институтот, односно жалба до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, работниот однос му престанува по истекот на рокот за кој е извршен изборот, со денот на донесување на конечната одлука на Сенатот со која се потврдува одлуката на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот. Доколку одлуката стане конечна пред истекот на рокот за кој е извршен изборот, работниот однос му престанува со истекот на рокот за кој е извршен изборот.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

Против одлуката на Сенатот може да се покрене судска постапка.

## ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ

### Член 49

Лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и асистент докторанд е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната и научноистражувачката дејност, да придонесува за создавањето наставно-научен, научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешното остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и асистент докторанд може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под услови и постапка уредени со закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и овој Правилник, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на факултетот или научниот институт или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во установата, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот.

На лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и асистент докторанд може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано и во други случаи и постапка утврдени со закон.

### Член 50

Иницијатива за предвремено престанување на изборот, а со тоа и на работниот однос, може да покрене деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, деканатската, односно институтската управа или најмалку 1/5 од членовите на наставно-научниот, односно научниот совет.

### Член 51

Иницијативата од член 50 на овој Правилник ја разгледува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Доколку наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, ја прифати иницијативата, формира комисија составена од три редовни професори, односно со највисоко наставно-научно, научно или наставно-стручно звање, од кои 2 се од соодветната наставно-научна

област во која е избран кандидатот, за изготвување реферат за предвремено престанување на изборот.

**Член 52**

Одлуката за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и асистент докторанд донесува наставно-научниот, односно научниот совет, со 2/3 од вкупниот број на членови, врз основа на реферат на комисија составен од три редовни професори.

Лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и асистент докторанд, во рок од 8 дена од приемот на одлуката, има право на приговор до наставно-научниот, односно научниот совет.

Ако приговорот биде одбиен, лицето, во рок од 8 дена од приемот на одлуката по приговорот, има право на жалба до Сенатот, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друг факултет, односно научен институт во состав на Универзитетот. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на изборот и работниот однос.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

Против одлуката на Сенатот може да се покрене судска постапка.

**Постапка за избор на демонстратори**

**Член 53**

Одлука за утврдување на потреба од демонстратори на соодветната предметна/студиска програма донесува наставно-научниот совет по предлог на внатрешната организациона единица на факултетот и формира комисии за избор што ја сочинуваат по три члена избрани во наставно-научно звање.

Деканот распишува интерен оглас во кој се наведени условите од член 163 од Законот за високото образование и член 20 од овој Правилник. Огласот се објавува на веб-страницата и на огласната табла на факултетот и трае 5 дена од денот на објавување.

Комисијата од став 1 на овој член подготвува извештај со предлог и го доставува до наставно-научниот совет во рок од 15 дена од завршувањето на огласот.

Изборот го врши врши наставно-научниот совет на првата наредна седница.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 54**

За изборите на лица во звања, во постапките започнати пред стапувањето во сила на овој Правилник, ќе се применуваат критериумите за избор утврдени со Анекс 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009, 140/2009, 173/11, 194/11, 250/2013 и 274/2013) како посебни услови, согласно со Законот за високото образование (Службен весник на на Република Македонија бр. 82/2018) и овој Правилник.

**Член 55**

На лицата избрани во насловни звања на единицата, пред влегувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на на Република Македонија бр. 82/2018) изборот во наставно-научни звања, времето поминато во насловно звање им се смета како време поминато во наставно-научно звање.

**Член 56**

Избраните асистенти докторанди продолжуваат да учествуваат во наставно-образовниот процес за времето за кое се избрани.

**Член 57**

Одредбите од овој Правилник за асистент истражувач ќе се применуваат согласно со роковите утврдени со законот со кој се уредува научноистражувачката дејност.

**Член 58**

По донесувањето на Уредбата за утврдување на научноистражувачките

полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на меѓународната Фраскатиева класификација од страна на Владата на Република Македонија, наставно-научниот, односно научниот совет, соодветноста и сродноста од член 31, став 1 и 2 од овој Правилник ќе ги утврдува согласно со наведената Уредба.

**Член 59**

Одредбите од член 25 од овој Правилник ќе се применуваат по истекот на една година од денот на влегувањето во сила на овој Правилник.

**Член 60**

Согласно со член 214, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), на 16 август 2018 година престана да важи Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009, 140/2009, 173/11, 194/11, 250/2013 и 274/2013).

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Анексот 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009, 140/2009, 173/11, 194/11, 250/2013 и 274/2013).

**Член 61**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**